Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА), за потребите на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелената агенда за Западен Балкан“, финансиран од Европската Унија (договор бр. 2023/452-483), објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

За ангажирање експерт за изработка на документ за јавни политики на тема „Бучавата и нејзините последици: правна и институционална рамка и практика на Европскиот суд за човекови права“ за потребите на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелената агенда за Западен Балкан“

1. Позадина

Бучавата во животната средина, особено од патниот сообраќај, индустриските капацитети, градежните активности и угостителските и рекреативните објекти, може да влијае врз секојдневниот живот и користењето на домот. Долготрајната или интензивна изложеност може да го наруши спиењето и благосостојбата, да предизвика вознемиреност и да има други последици врз физичкото и менталното здравје.
Ефективното справување со бучавата зависи од јасна правна рамка, редовно мерење и достапни податоци, ефикасен инспекциски надзор, координација меѓу државните и локалните институции и достапни механизми за заштита. Практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдува кога сериозното и непосредно влијание на бучавата врз домот и приватниот живот може да отвори прашање според член 8 од Европската конвенција за човекови права и какви обврски имаат јавните власти.

2. Број на експерти

За изработка на документ за јавни политики на тема „Бучавата и нејзините последици: правна и институционална рамка и практика на Европскиот суд за човекови права“, Центарот за правни истражувања и анализи ќе ангажира еден експерт.

3. Специфични задачи на експертот

Експертот ќе ги спроведе следниве специфични задачи:

- Анализа на националната правна рамка и надлежностите на институциите за заштита од бучава во животната средина, вклучително и применливите стандарди на Европската Унија;
- Анализа на последиците од бучавата врз здравјето, спиењето, благосостојбата и користењето на домот, вклучително и влијанието врз изложените и ранливите групи, врз основа на релевантни научни и стручни извори;
- Анализа на практиката на ЕСЧП;
- Идентификација на правните, институционалните и практичните слабости, како и на пречките за пристап до ефективни механизми за заштита;
- Изработка на изводливи, приоритетни препораки за подобрување на законодавството, спроведувањето, меѓуинституционалната координација, мониторингот и правната заштита;

4. Главна цел

Избраниот експерт ќе подготви документ за јавни политики што ќе ја анализира бучавата и нејзините последици во Северна Македонија, ќе ја оцени релевантната правна и институционална рамка и ќе ја разгледа практиката на ЕСЧП. Документот ќе ги утврди главните недостатоци и ќе понуди јасни, изводливи и приоритетни препораки за надлежните институции.

5. Квалификации и искуство

Експертот треба да ги има следниве квалификации и искуство:

- Најмалку 5 години релевантно професионално искуство во областа на животната средина, јавното здравје, правото или јавните политики;
- Претходно искуство во изработка на анализи, документи за јавни политики, стратешки документи или препораки за јавни институции или проекти
- Познавање на практиката на ЕСЧП за влијанието на бучавата врз правата заштитени со Европската конвенција за човекови права и искуство во правна или институционална анализа ќе се сметаат за предност

6. Останати барања:

- Одлични вештини за планирање, организирање и пишување;
- Одлични комуникациски вештини;
- Сигурна и одговорна личност со капацитет за работа под професионални услови.

7. Очекувани резултати од ангажманот

Очекуваниот резултат е документ за јавни политики што ќе ги сумира наодите за состојбата, последиците од бучавата, правната и институционалната рамка и практиката на ЕСЧП, и ќе предложи приоритетни мерки.

Времетраење (денови)	**Тип на активност**	**Клучни резултати**
7,5 работни дена, во период до [20 декември 2026].	Изработка на документ за јавни политики за бучавата и нејзините последици, со осврт на правната и институционалната рамка и практиката на ЕСЧП.	Анализа на бучавата, нејзините последици, националната правна и институционална рамка и практиката на ЕСЧП, со приоритетни препораки за надлежните институции.

8. Услови за извршување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Експертот ќе достави извештај за извршените работни задачи и листи на сработени работни денови (timesheets) на англиски јазик, најдоцна до финализирање на документотИзвештаите ќе се доставуваат до Проектниот менаџер на е-пошта: nikola.jovanovski@cpia.mk.

По известувањето за склучување на договорот, експертот ќе ги разгледа условите за работа и навремено ќе побара дополнителни информации или појаснувања од Проектниот менаџер.

9. Времетраење и сума

Ангажманот за изработка на документот за јавна политика ќе опфати седум и пол (7,5) работни дена, во периодот до 20 декември 2026 година. Надоместокот изнесува 150 евра бруто за секој работен ден и ќе се исплати во денарска противвредност според курсот утврден за проектот.

10. Начин на аплицирање и рок

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат квалификациите и искуството наведени во овој повик треба да достават детална биографија (CV).

Биографијата треба да се достави по електронска пошта на: contact@cpia.mk, со назнака: „Документ за јавни политики за бучавата“. Рокот за аплицирање е 30.10.2026 до 16:30 часот.

Пристигнатите биографии ќе ги евалуира стручна комисија основана од Извршниот одбор на ЦПИА. При оценувањето ќе се земат предвид исполнувањето на бараните квалификации и искуство, како и доставените референци.

Контакт-лице за овој повик е Никола Јовановски, е-пошта: nikola.jovanovski@cpia.mk.